Government of Western Australia
Department of Health

Macedonian

# Дали може да е сепса?

Информации за пациенти, семејства и негуватели

## Што е сепса?

Сепсата е екстремна реакција на вашето тело на инфекција. Тоа е опасна по живот, итна медицинска состојба. Може да предизвика оштетување на важни органи, како што се срцето или белите дробови. Без навремен третман, сепсата може брзо да доведе до сериозна болест, откажување на органите и смрт.

## Што предизвикува сепса?

Сепсата е предизвикана од инфекции. Кога микробите ќе влезат во вашето тело, тие можат да доведат до инфекција. Ако таа инфекција не се лекува или не се спречи, може да предизвика сепса. Најчестите причини за сепса се инфекции на белите дробови, уринарниот тракт и абдоменот. Тие може да бидат предизвикани од бактерии, вируси, паразити или габични инфекции.

## Кои се знаците и симптомите?

- Температура, тресење или чувство на голем студ
- Отежнато дишење
- Пребрзо чукање на срцето
- Збунетост или дезориентација
- Чувство на голем замор
- Влажна и испотена кожа
- Болка или непријатност
- Осип или промена на бојата на кожата
- Малку урина (моч)
- Дијареа (пролив)
- Повраќање или чувство на мачнина во стомакот

## Кој е изложен на ризик од добивање сепса?

Секој може да добие сепса. Сепак, постојат групи на луѓе кои се изложени на поголем ризик од добивање сепса, вклучувајќи:

- секој што има инфекција која не се подобрува
- постарите лица, новороденчињата и малите деца
- Абориџините и островјаните од Теснецот Торес
- лицата со сложена здравствена состојба, со хронични болести како што се дијабетес, бубрежни, црнодробни или срцеви заболувања
- лицата со ослабен имунолошки систем, вклучително и оние кои се лекуваат од рак со хемотерапија
- лицата со COVID-19 или пневмонија
- лицата кои се бремени или штотуку се породиле
- лицата кои претходно имале сепса
- лица со изгореници, рани и повреди
- лицата со медицински уреди во нивното тело, како пејсмејкер, стент, катетер или вештачки залисток (валвула)
- лицата кои неодамна имале операција.

## Како се лекува сепсата?

Сепсата е итна медицинска состојба која бара брз третман. Лекарите и медицинските сестри ќе ги проценат вашите симптоми, ќе ја разгледаат вашата  медицинска историја, ќе ги проверат вашите витални знаци и ќе направат тестови за да го најдат изворот на инфекцијата. Некои од овие тестови може да вклучат крвна слика (хемокултура) за да се идентификува причината за инфекцијата.

Лекарите и медицинските сестри ќе ви дадат антимикробни лекови, интравенозни течности и други лекови. Може да биде потребна операција за да се исчисти инфекцијата од вашето тело. Тие ќе продолжат да следат како реагирате на третманот.

Ако ви се влоши состојбата, можеби ќе треба да бидете префрлени во Одделот за интензивна нега за да добиете специјалистичка нега и третман. Ако сте загрижени дека вашата состојба или состојбата на некој за кого се грижите се влошува, веднаш информирајте лекар или медицинска сестра.

## Како да се спречи сепса?

Постојат неколку чекори што можете да ги преземете за да помогнете во спречувањето на сепса.

1. Практикувајте добра хигиена: Одржувајте го телото и рацете чисти.
2. Одржувајте ги раните и исекотините чисти и покриени додека не зараснат.
3. Примајте ги вакцините навремено.
4. Водете грижа за вашите хронични болести.
5. Знајте ги знаците и симптомите на сепса, реагирајте брзо и веднаш побарајте медицинска помош.

## Дали може да е сепса?

Може да биде тешко да се препознае сепсата. Знајте ги знаците и симптомите на сепса, реагирајте брзо.

**Ако се сомневате на сепса, јавете се на три нули (000) и не плашете се да го поставите прашањето: „Дали ова може да биде сепса?"**




## Повеќе информации

https://www.safetyandquality.gov.au standards/clinical-care-standards/sepsis-clinical-care-standard/information-consumers

australiansepsisnetwork.net.au

**Скенирајте го QR кодот за повеќе информации**

*Дадените информации се само за информативни цели Ако сте пациент кој ја користи оваа публикација, треба да побарате помош од здравствен работник кога ги толкувате овие материјали и кога ги применувате во Вашите е индивидуални околности.*

**На барање, овој документ може да биде достапен во алтернативни формати.**

Изработено од Дирекцијата за безбедност на пациентите и клинички квалитет © Министерство за здравство 2025 година (Patient Safety and Clinical Quality Directorate © Department of Health 2025)

Авторските права врз овој материјал се во сопственост на Државата Западна Австралија, освен ако не е поинаку назначено Освен дозволено користење во рамките на правото за целите на приватно проучување, истражување, критика или преглед, согласно одредбите на *Copyright Act 1968*, ниту еден дел не смее да се репродуцира или повторно користи за какви било цели без писмена дозвола од Државата Западна Австралија.

Признание: Во овој документ е вклучена содржина прилагодена од материјали првично развиени од North Metropolitan Health Service (NMHS) и Sir Charles Gairdner Osborne Park Health Care Group (SCGOPHCG). Изразуваме признание и благодарност до NMHS и SCGOPHCG за нивниот придонес и основачката работа. Сите прилагодувања се извршени со цел зачувување на оригиналната намера и интегритетот на изворните материјали.

ODG-015043 A4 Could it be SEP'25